Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Исмаил Зеќилоски од с. Могорче, Дебарско УП2 09-190/24 од 9 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-172 од 22 март 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-172 од 22 март 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Исмаил Зеќилоски од с. Могорче, Дебарско до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-190/24 од 9 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-172 од 22 март 2024 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) на КЕЦ Струга, издадено поради незапазени безбедносни растојанија од парцелата до далекувод на Електродистрибуција.

Жалителот потенцира дека во 2006 година се поставени три бандери во неговата парцела, без негова согласност, при што сега истите тие претставуваат проблем за добивање на приклучок.

Според Електродистрибуција – покрај тоа што имотниот лист гласи на друг сопственик, жалителот ја нема потребната документација потребна за приклучок, туку има Потврда за поставување на пумпа издадена од Општина Дебар, а исто така и нема урбанистичко-планска документација за тоа подрачје.

Службено лице на КЕЦ Струга при извршувањето на увидот на лице место ја има констатирано фактичката ситуација дека жалителот изградил бесправен објект кој според Електродистрибуција се наоѓа на недозволени сигурносни растојанија во однос на 10kV далекувод. За истото направена е фотографија (прилог) што е доказ дека е направен увид на терен и дека истото не е констатирано неосновано.

Токму од самиот увид процениле дека сигурносните растојанија не се во рамките на пропишаните за ова напонско ниво. Колку навистина изнесува растојанието од оската на 10 kV среднонапонски далновод до најблиската точка на изградениот објект треба да се утврди со прецизно мерење со Геодет.

Согласно Мрежните правила од 2019 година (член 138) дефиниран е заштитниот појас за сите напонски нивоа, вклучително и за 10 kV напонско ниво. Наведено е дека ширината на заштитниот појас во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на ОДС за напонско ниво со номинален напон од 1 KV до 20 KV изнесува 10 метри од оската на изводот.

Нивна проценка со голема точност е дека тоа растојание не е задоволено

.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 6 август 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-190/24 од 9 април 2024 година со прилог

-Слика од објектот

-Барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа

-Потврда за потреба од приклучок за пумпа за наводнување на земјоделско земјиште

-Имотен лист

-Приговараното Решение

-Приговор

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 29 април 2024 со прилог:

-Слика од објектот и далекуводот

-GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека не се запазени минималните безбедносни растојанија до далекувод на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 203 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 236/22), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

Согласно член 35 став (1) точка 4) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за одбивање на барање на согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електроенергетски објекти, пропишани со закон и соодветни подзаконски акти.

Имајќи го предвид горенаведеното како и фактот дека се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–190/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**